Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 126/2
05. 03. 2025 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 44-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 17.02.2025 година, со почеток во 14.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записникот од 43-та седница на Советот на Општина Градско.
2. Предлог- Завршна сметка на Буџетот на Општина Градско за 2024 година.
3. Предлог- Годишен извештај на Општина Градско за 2024 година.
4. Предлог- Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.
5. Предлог- Одлука за давање согласност на Измена на Годишниот план за втаботување на Општина Градско за 2025 година.
6. Предлог- Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.
7. Разгледувања на барања и поднесоци.
8. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 44-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 43-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 43-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 43-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 43-та седница на Совет на Општина Градско.

*2.Завршна сметка на Буџетот на Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. На минатата седница беше донесен кварталниот извештај за четвртиот квартал кој што ја прикажува состојбата на завршната сметка на општината. Како што кажав на минатата седница вкупните приходи на општината се реализирани со 91,90% додека вкупните расходи се со 88,21%. Доколку имате дополнителни прашања повелете.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Завршната сметка на Буџетот на Општина Градско за 2024 година.

*3.Годишен извештај на Општина Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Елена Смилкова од општинската администрација. Паралелно со Завршната сметка го доставуваме и Годишниот извештај со тоа што дополнително се доставуваат информации како од сметките што се доставуваат во Централен регистар како што се градежните објекти нивната исправка и сегашна вредност, објекти со ревалоризација, за легализација, урбанистичкиот план и нематеријалните средства тоа се софтверите на општината, потоа побарувањата по основ на даноците за физички и правни лица и комунална такса. Наведени се и долгорочни, краткорочни и утужени обврски.

Маја Андовска- плоштадот готов ли е.

Елена Смилкова- да, завршена е работата, но нема совесност, неколку пати се качуваа со комбиња од страна на дистрибутерите за да растовараат стока за Жито и беше направена штета. Треба поодговорно да се однесуваат и вработените во Жито.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Годишниот извештај на Општина Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај на Општина Градско за 2024 година.

*4.Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Пецо Кузманов од општинската администрација. За 2025 година предвидени парцели за отуѓување по пат на јавно наддавање се КП 29/2 (за изградба на куќи), дел од КП 55/1 и дел од КП 57/1. Како очекуван прилив на средства во буџетот на Општина Градско предвидени се 22.500.000,00 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Градско за 2025 година.

*5.Одлука за давање согласност на Измена на Годишниот план за втаботување на Општина Градско за 2025 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација. Годишниот план за вработување за 2025 година е донесен во август 2024 година во кој беа предвидени 3 вработувања за кој имаме позитивно мислење од страна на Министерство за јавна администрација, иститe се усте не се реализирани. Измената се прави поради тоа што едно лице не работи повеќе во општината и со тоа се наметна потребата од ангажирање на ново лице на работно место возач 2.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Измена на Годишниот план за втаботување на Општина Градско за 2025 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Измена на Годишниот план за втаботување на Општина Градско за 2025 година.

*6.Одлука за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа" Градско за 2024 година.*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Катерина Минова од сметководствено биро Правеко. Приходи од работењето вкупно се 12.720.284,00 денари, а приходи од редовното работење се 10.080.000,00 денари, другите се останати приходи. Вкупните расходи се 12.773.196,00 денари за суровини и други материјали, трошоци за вработени регресот беше задолжителен оваа година, за амортизација на основни средства. Оваа година имаме загуба и поради тоа што се во загуба нема да се плати данок од добивка. Вкупните обврски се спрема ЕВН кои се превземени од Комуналец. Сега ќе има покачување на платите, трошоците ќе се зголемуваат и оваа година со инфлацијата, а ЈКП веќе покажува загуба. Немаат некои обврски со тековните фактури, даноци не должат.

Јованче Стојанов- сега имаме скип, ќе нема такви трошоци во тој дел.

Катерина Минова- загубата можеби е делумно и од тоа што враќаат трошок за струја, платите се покачија, регрес се исплаќа.

Мирјана Ѓорѓиева- да се најде некое решение.

Јованче Стојанов- да се покачи водата.

Катерина Минова- регулаторна одлучува за тоа, покачувањето е многу мало поради тоа што немаат основни средства, немаат инвестиции. Треба да се направи проценка тоа што гласи на општината да се преврли на комуналното за да може да покажат дека има со што работат.

Јованче Стојанов- многу години ќе поминат додека да се исправи работата од предходните одговорни. Наместо да купиме некоја механизација ние ќе враќаме долгови и порано. Овој мандат се решија многу работи.

Маја Андовска- одговорност некој има ли од предходно.

Боне Спасовски- мора да се покачи водата и ѓубрарината, не може Градско да се остави без вода, мора како советници да бараме некое решение. Ќе биде случајот како Новаци со Битола.

Јованче Стојанов- да, и кој ќе не земе нас, Велес ќе ја качи водата за 10 денари и ќе биде во ред, а ако ја качиме ние одма ќе се јави проблем, ќе има негативни реакции од граѓаните.

Боне Спасовски- како Кавадарци ја качи цената на водата два пати во годината.

Мирјана Ѓорѓиева- ние одиме по регулаторна.

Катерина Минова- и предходните директори многу заостанати долгови плаќаа.

Јованче Стојанов- колку долгови опростивме, зошто не биле оптужени за да се наплатат. Има лица што должат високи суми, никогаш не платиле.

Боне Спасовски- саати да се наместат а не да плаќаат паушал, тој што плаќа паушал троши повеќе од тие што имаат саат, со паушал се троши неконтролирано.

Јованче Стојанов- наместо 5 тона треба да му се стави 20 тона по лице па тогаш нека плаќа паушал. Колку побарувања има на крајот од годината.

Катерина Минова- 3.556.878,00 денари.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Завршната сметка на ЈКП „Клепа“ Градско за 2024 година.

7.*Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање финансиска помош од ЈКП „Клепа“ Градско за подмирување на заостанат долг за електрична енергија за месец 11 и 12/ 2024 година во висина од 300.000,00 денари.

По разгледување на барањето советниците со 5 гласа ЗА и 4 ВОЗДРЖАНИ го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

б) Барање од Ирена Андоновска за доделување на финансиски средства за лекување.

По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*8.Разно*

Маја Андовска- дали е пренесено за да се тргне легнатиот полицаец.

Мери Седмакова Димовска- пренесено е.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 44-та седница во 15:00 часот.

Записник водел:
Мери Седмакова Димовска

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева